Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25 декември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-6904/28**
**од 26 декември 2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за локален економски развој и европски интеграции**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

**Декември, 2024 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и првата седница одржана на 25 декември 2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

## I ВОВЕД

Програмата за ЛЕР за 2025 година е конципирана, согласно буџетската структура, во два сегменти:

1. Поддршка на локалниот економски развој.
2. Проекти за енергетска ефикасност.

Со програмата за ЛЕР за 2025 година сакаме да ги постигнеме следните цели:

- Унапредување на визибилноста на локацискиот потенцијал;
- Привлекување на нови инвеститори;
- Јакнење на партнерството со бизнис заедницата;
- Поддршка на урбаниот и руралниот развој во ОГБ;
- Зголемување на енергетската ефикасност во јавните објекти на ОГБ.

Се надеваме и очекуваме вака конципираната програма да помогне во остварување на поставените цели за ЛЕР за 2025 година.

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | | | | | |
| 1 | Купување на софтверска лиценца за користење на податоци и информации за деловните субјекти во општина Гази Баба | | 200,000.00 | | | | | | | **200,000.00** |
| 2 | Одржување на дигитална платформа Локална економија - берза на трудот во општина Гази Баба | | 100,000.00 | | | | | | | **100,000.00** |
| 3 | Надградба и редизајн на порталот Invest in MGB | | 305,000.00 | | | | | | | **305,000.00** |
| 4 | Изработка на физибилити студија за изградба на фекална мрежа со мала ПСОВ во н.м. Идризово | | 500,000.00 | | | | | | | **500,000.00** |
| 5 | Изработка на промотивно видео за локалната економија на општина Гази Баба со поддршка од деловната заедница на ОГБ | | | 1,200,000.00 | | | | | | **1,200,000.00** |
| 6 | Анкетно Испитување на деловното опкружување на општина Гази Баба | | 120,000.00 | | | | | | | **120,000.00** |
| 7 | Изработка на Стратегија за ЛЕР за период 2026 - 2036 година | | 200,000.00 | | | | | | | **200,000.00** |
| 8 | Финансиска поддршка - Субвенција на ЛАГ Скопска Црна Гора | | 700,000.00 | | | | | | | **700,000.00** |
| 9 | Грант од ЕИБ процесиран преку МЖСПП за изградба на Фекална канализација во н.м.Гоце Делчев, фаза 2 | | | | 32,000,000.00 | | | | | **32,000,000.00** |
| 10 | Грант од Светска Банка процесиран преку Министерство за транспорт и врски за изградба на ул. Пехчевска и ул. 12 во населба Хиподром 2 | | | | 19,200,000.00 | | | | | **19,200,000.00** |
| | **ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | | | | | |

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| 11 | Грант во износ од 20% и подзаем (on - lending по ЕУ либор услови на Светска Банка) во износ од 80%, процесирани преку Министерството за финансии и проектот ПСЕЕП, за имплементација на ЕЕ мерки на пет јавни објекти во ОГБ. Во I фаза изработка на техничка документација, во II фаза изведба. Техничката документација ќе биде изработена од проектот ПСЕЕП. | | | | 0.00 | | | | 0.00 | **0.00** |
| 12 | Подготовка на Програма за енергетска ефикасност на ОГБ за периодот 2026 - 2029 година | | 300,000.00 | | | | | | | **300,000.00** |
| 13 | Изработка на дигитална платформа за ЕЕ евиденција на сите трошоци за енергија и енергенси на ОГБ со сите ОУ и детски градинки и ЈКП Гази Баба 2007 | | 525,000.00 | | | | | | | **525,000.00** |
| 14 | Финансиска поддршка за реконструкција на постојни лифтови и поставување на нови лифтови во станбени згради во општина Гази Баба | | 1,200,000.00 | | | | | | | **1,200,000.00** |
| 15 | Финансиска поддршка за реконструкција или рехабилитација на кровови на станбени згради и индивидуални домаќинства во социјален ризик во општина Гази Баба | | 1,400,000.00 | | | | | | | **1,400,000.00** |
| | **ВКУПНО** | | **5,550,000.00** | **1,200,000.00** | **51,200,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **57,950,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **9.58** | **2.07** | **88.35** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Како што веќе спомнавме во воведот, програмата за ЛЕР за 2024 година е буџетски структуирана во два сегменти:

1. Поддршка на локалниот економски развој
2. Проекти за енергетска ефикасност

Вкупниот износ потребен за реализација на програмата за ЛЕР за 2025 година во Буџетот на Општина Гази Баба изнесува **5,550,000.00** денари.
Од други извори на финансирање, кои не се дел од Буџетот на ОГБ, очекуваме да се имплементираат **52,400,000.00** денари.

Подеталенпреглед може да се добие од табеларниот приказ на програмата за ЛЕР на ОГБ за 2025 година.

**Слика 1. Структура на расходи на Програмата за ЛЕР во Буџетот на ОГБ за 2025 г. по функционални подрачја и извори на финансирање**




## 1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во 2025 година предвидовме реализација на активности во неколку сегменти:

- Промоција и презентација на инвестиционите локациски потенцијали на ОГБ на дигитална платформа пред домашните и странски инвеститори во Македонија;
- Изработка на физибилити студија за изградба на фекалната мрежа со ПСОВ во н.м. Идризово како предуслов за пристап до меѓународните извори за финансирање;
- Ажурирање на водичот за инвеститори со најнови и свежи информации и негово целосно графичко уредување, како прв извор на информации за потенцијалните домашни и странски инвеститори во општина Гази Баба;
- Следење на состојбата во локалната економија преку пристап до податоци и информации за сите деловни субјекти во ОГБ;

- Мапирање на потенцијалот на руралните заедници во Општина Гази Баба, општина Илинден, општина Бутел и општина Чучер Сандево преку изработка на Стратегија за локални акциони групи - ЛАГ, негово основање и имплементација на планираните активности согласно Стратегијата за ЛАГ;
- Следење на деловното опкружување во ОГБ преку негово анкетно испитување, анализа и Извештај за утврдените наоди од истото;
- Во соработка со деловната заедница во ОГБ, а во насока на градење на идентитет на локалната економија на ОГБ, со донација од деловната заедница, ќе изработиме видео запис за промоција на сите специфики на локалната економија на ОГБ;
- Имплементација на грант средства добиени од ЕИБ и имплементирани преку МЖСПП за изведба на фекална канализација во н.м. Гоце Делчев, фаза 2;
- Имплементација на грант средства добиени од Светска Банка и имплементирани преку Министерството за транспорт и врски, за изведба на две локални улици – улица Пехчевска и улица 12 во населба Хиподром 2.*

**Слика 2. Структура на расходи по проекти во - Поддршка на локален економски развој во 2025 г.**



## 2. ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Изработка на дигитална платформа за евиденција на сите трошоци поврзани со сите видови на енергенси и енергија на општина Гази Баба со сите ОУ и детски градински и ЈКП Гази Баба 2007. Со истата ќе имаме целосен преглед (месечен, квартален и годишен) дали применетите енергетски мерки се енергетско ефикасни и каков тренд трошоците имаат. Истата ќе ни помогне и во однос на:
- Подготовка на Програмата за ЕЕ за периодот 2026 - 2028 година;
- Во процес на имплементација на проект за примена на ЕЕ мерки на пет објекти во ОГБ. Во првата фаза со поддршка на проектот ПСЕЕП ќе се изработи техничка документација, додека во втората фаза ќе следи имплементацијата, и тоа 20% грант и 80% подзаем во форма на on-lending преку Министерството за финансии;
- Финансиска реализација на две Решенија за финансиска поддршка, кои се во фаза на имплементација,  за поставување на нов лифт, како и финансиска поддршка за реконструкција на кров на две станбени згради.

**Слика 3. Структура на расходи по проекти во сегментот - Проекти за ЕЕ 2025 г.**




Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година.

**Број 09-6769/30**
**од 25 декември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**